Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

# З А П И С Н И К
од Сто и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 август 2021 година

Скопје, август 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 август 2021 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања,м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за одбележување на 8 Септември-Ден на независноста-30 години независност

2. Прашања и предлози

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

По повод одбележувањето на 8 Септември-Ден на независноста-30 години независност на седницата свое обраќање имаше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев и констатира дека дел од тестовите на зрелоста, во изминатите 30 години, положија генерациите пред нас, а дел од нив ги положија денешните генерации, со што е заокружен илинденскиот и асномскиот континуитет, зачуван е македонскиот идентитет, потврден и зајакнат, а македонскиот јазик е впишан во ризницата на светските јазици, и со храбрите и мудри одлуки денес, отворен е патот, по историскиот исчекор во НАТО интеграциите, за развој на демократска Република Северна Македонија, со европска иднина.

Се заблагодари на сите граѓани, Албанци, Турци, Власи, Срби, Роми, Бошњаци и сите други етнички заедници што покажаа другарско и братско разбирање и им даваат силна поддршка на своите сограѓани Македонци. Оваа поддршка, ова разбирање за одбрана и заштита на македонскиот идентитет е од огромно значење за градењеедно и еднакво општество, а мостовите кои се градат се крвотокот на нашата меѓусебна доверба.

Истакна дека Република Северна Македонија се гради како отворена, праведна и стабилна земја на можности која се темели на неколку цврсти столбови. Тоа се столбовите на правна држава и владеење на правото, на столбот на економскиот раст, на столбот на општество и институции како сервис за граѓаните, на столбот едно и еднакво општество за сите. Земено е најдоброто наследство од минатото и се создава држава со европска иднина.

Исто така, во своето обраќање на седницата претседателот на Владата потенцираше дека денес Република Северна Македонија својата независност ја потврдува во најмоќниот воено-безбедносен сојуз – НАТО и како кандидатка за членство во најсилната економска заедница на светот – Европската Унија.
Потенцираше и дека засекогаш ќе ги паметиме и ќе им оддаваме почит на сите државници и членови на владите кои денес не се меѓу нас и кои се вградија во остварувањето на независноста и во градењето на нашата држава според современите демократски вредности. Во периодот од 77 години од државотворниот АСНОМ и 30 години пат на самостојно, независно учество во животот на заедницата на народите, научивме неколку важни лекции. Една од најважните е лекцијата за чувањето и негувањето на демократија. Обновата на демократијата и на демократските институции ја зајакна кохезијата во нашето општество и го издвои приоритетот за обединување за да ги оствариме врвните државни интереси и главните национални приоритети.

Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби, во своето обраќање констатираше дека30-годишното минато нѐ научи дека кога заедно ја градиме иднината врз основа на меѓусебното почитување и рамноправност, вреднувајќи ги разликите и диверзитетот како можност, а не како пречка и воспоставувањето отворен и искрен дијалог, ништо не е невозможно.

Истакна дека Албанците го избраа дијалогот, рамноправноста и соживотот, но и пријателството со соседите и се определија за патот кон НАТО и кон Европската Унија.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски го истакна значењето на претходните генерации во изградбата на државата, но и улогата на новите генерации кои мотивирано ги поддржаа храбрите лидерски одлуки за доброто на државата.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и инвестиции Фатмир Битиќи, констатираше дека Република Северна Македонија слави 30 години јубилеј од независноста, но истовремено 30 години и од својата економска независност, монетарна фискална политика и воспоставен модерен економски систем, а денес нашите политики се фокусирани на поддршка на малите, средните, но и големите компании, на производствените компании, на извозот, според принципите на рамномерениот и регионален економски развој, бидејќи секој граѓанин на оваа земја заслужува подеднакви шанси.

Министерот за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, посочи на одговорноста и умешноста што ја покажуваа претходните генерации во реализацијата на државните стратешки цели, со заедничката определба уште во тие времиња проблемите во меѓусебните односи да се решаваат на мирен начин, по пат на меѓусебно почитување, како и на патот за остварувањето на тие цели, по кој чекориме и денес, како и дека независноста нѐ научи која е формулата којашто дава резултат. Тоа е храброста и одлучноста. Ништо не оди лесно, но ако е тешко, не значи дека е невозможно.

Министерот за труд и социјална политика, д-р Јагода Шахпаска, констатираше дека храброста и одлучноста придонесоа за носење сериозни одлуки, со планови за визија како изгледа современата европска демократија, во делот на човековите права и во делот на економскиот развој.

Истовремено, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев информираше дека поведува иницијатива по повод 30-годишната независност на Република Северна Македонија, да се оддаде посебно признание на првиот собраниски состав, со доделување признанија (и постхумно) на сите тогашни 120 пратеници, за нивниот особен придонес во поставување на општествените и институционалните темели во изградбата на слободна независна суверена и демократска држава Република Македонија, денешна Република Северна Македонија, за што сме им особено благодарни.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за Иницијатива за доделување признание на пратениците од првиот собраниски состав-медал за нивниот особен придонес во поставување на општествените и институционални темели во израдбата на независна, суверена, слободна и демократска држава, Република Македонија, сега Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди 120 плакети/признанија коишто ќе бидат доделени на сите пратеници од првиот собраниски состав 1991-1994 година.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Мухамед Зеќири/Muhamed Zeqiri**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**